РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-532/2
22-10-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-532/1 од 03.01.2025 година, со наводи за сомневање за неправилности во работењето на службеното лице ///, основен јавен обвинител на ОЈО ///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема надлежност за постапување по однос на пријавените наводи кои се однесуваат на работа на основен јавен обвинител.

Предметната пријава да се достави на надлежно постапување на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-532/1 од 03.01.2025 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 03.01.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за неправилности во работењето на службеното лице ///, основен јавен обвинител на ОЈО ///, и оформен е предмет број 12-532/1 од 03.01.2025 година.
Во доставената пријава е изразено незадоволство од постапувањето на основниот јавен обвинител /// по кривична пријава поднесена до ОЈО /// на /// година, против ЈП ///, подружница /// - /// и две физички лица, во врска со преземени незаконски дејствија - вршење сеча на шума и преземање на службени дејствија во насока на овозможување на сеча на шума којашто била сопственост на подносителот на

пријавата, кои дејствија биле извршени без негово знаење и одобрение. Подносителот на пријавата се сомнева дека пријавениот јавен обвинител, и покрај сите обезбедени докази во постапката, при одлучувањето по предметниот случај /// постапил пристрасно и несовесно и поднел обвинителен предлог само против физичкото лице кое ја извршило сечата, но не и против јавното претпријатие и против пријавеното службено лице вработено во јавното претрпијатие, па смета дека со поднесувањето на ваквиот предлог обвинителот дејствувал во насока на заштита на овие лица од утврдување на кривична одговорност.
Подносителот на пријавата бара ДКСК за случајот да постапи така што ќе поведе постапка против именуваниот основен јавен обвинител за пристрасно и несовесно постапување по предметот /// и ќе поведе соодветна постапка против ЈП ///, подружница /// - ///, истовремено имајќи предвид дека од ОЈО /// не добил одговор за статусот на постапката против другите пријавени во поднесената кривична пријава.

По разгледувањето на предметните наводи, имајќи ја предвид одредбата од членот 27 став (5) од Законот за јавното обвинителство според која основниот јавен обвинител за својата работа одговара пред Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, ДКСК оцени дека нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: А.Р.М, советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: **м-р** И.П., раководител на сектор
Одобрил **м-р** Б.К.Ш., член на ДКСК

Доставено до:
- Подносителот на пријавата